

# ЕКСТЕРНО ПО СЕКОЈА ЦЕНА?

Декларативна цел на екстерното оценување е проверка на објективноста во оценувањето од страна на наставниците. Според државните институции, со воведувањето на екстерното, се очекува „да се намалат притисоците кои ги трпат наставниците за да стават надуени, повисоки оценки", како и да се подобри квалитетот на образованието.

**2/3** од учениците сметаат дека наставниците реално оценуваат, што значи дека постои простор за подобрување, но дека најголем дел од учениците не го препознаваат необјективното оценување како проблем.

## Во кои области мислите дека има подобрување по воведувањето на екстерното тестирање?

**83%** од наставниците сметаат дека екстерното тестирање воопшто нема, или има мало подобрување на квалитетот на образованието.

**62%** од наставниците сметаат дека екстерното нема влијание врз учењето и стекнатото знаење.

Екстерното оценување обезбедува делумен фокус на стекнатите знаења на учениците, но речиси целосно го занемарува процесот на образование (квалитет на наставата, услови за учење, создавање на креативна атмосфера).

## Дали воведувањето на екстерното влијае врз објективноста на наставниците при формирањето оцена?

**75%** од учениците, односно **80%** од наставниците сметаат дека екстерното нема никакво влијание врз објективноста во оценувањето на наставникот.

Екстерните оценки имаат недостаток на валидност бидејќи вреднуваат меморирање на податоци наспроти знаење, односно го тестираат само помнењето, но не и „разбирање, примена, анализа, синтеза, вреднување и творештво", согласно критериумите за оценување на Биро за развој на образованието.

**77%** од учениците сметаат дека оценката од наставникот подобро го изразува стекнатото знаење на учениците.

**90%** од професорите го делат истото мислење.

Запишувањето на оценката во свидетелството на учениците е исто така многу непопуларно кај двете групи. Имено отстапувањата на двете оценки по ист предмет е само по себе проблематично во однос на тоа која оценка е повалидна, посебно ако една од оценките е негативна.

## ОБРАЗОВАНИЕТО НЕ Е: А, Б, Ц

**Екстерната оценка** се состои од тест со **30 прашања со понудени одговори**. Прашањата за екстерното се објавуваат на веб страницата на ДИЦ (Државен испитен центар), **3 дена пред тестот**. Со ова, на некој начин се прави **изедначување помеѓу учениците со континуиран одличен успех (5) и оние со послаб успех (2,3,4)**, бидејќи е оставен преголем простор да се научат прашањата од страна на оние со послаб успех. Оценката на наставниците, со онаа од екстерното, може да **отстапи** до 0.75% од скалата за оценување. Ова би значело отстапување од оценката што ја ставил наставникот, па затоа, за да се заштитат, **наставниците настојуваат на ставање средни оценки (3), а наставата ја насочуваат кон тоа што ќе се проверува на тестот**, со цел да се намалат отстапките, и да се избегнат евентуалните казни .

Речиси **40%** од учениците сметаат дека наставниците немаат утврдено конечна оценка пред полагањето на екстерното.

Со екстерното оценување не мора неопходно да се опфатат сите ученици, туку може да се изведе на одреден примерок ученици по случаен избор или по желба на учениците.

## ПОСТОЈАТ ПОВЕЌЕ ФАКТОРИ КОИ ЈА НАМАЛУВААТ ВЕРОДОСТОЈНОСТА НА ОЦЕНКАТА ОД ЕКСТЕРНОТО:



**Како би ја оцениле прилагоденоста на наставната програма со прашањата од екстерното?**

Само **5.8%** од учениците оцениле дека прашањата се одлично прилагодени со наставата

**Доколку оценката од екстерното се разликува од онаа на наставникот?**

**58%** од учениците, односно **65%** од професорите одговориле дека тоа се должи на несоодветност на прашањата од екстерното со наставната програма

**Дали се обезбедени приближно исти услови за полагање на екстерното во сите средни училишта?**

**1/2** од учениците и професорите сметаат дека не се обезбедени приближно исти услови за полагање екстерно во сите средни училишта

**Дали сметате дека учениците препишуваат и дали сметате дека некој им поткажува?**

**56%** од учениците односно **70%** од наставниците сметаат дека учениците препишуваат, или пак, **40%** од учениците односно **47%** од наставниците, сметаат дека наставниците подкажуваат при полагањето.

Центар за Управување со Промени
CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!
Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), кој го спроведуваат НИРАС, МЦМС и СИПУ. Мислењата кои се овде изразени не нужно ги одразуваат ставовите на Цивика мобилитас, СДЦ или пак спроведувачките организации.
ZIP Institute